# ХАРИЗМА

женско списание



ЈУЛИ-СЕПТ 2024

година 29

# СОДРЖИНА

4
КОЈА Е МОЈАТА ПРИКАЗНА

6
ДОБРОДЕТЕЛНА ЖЕНА

8
ЖЕНИ НА НАДЕЖ - ТАМАРА

12
САМО ЗА ДЕВОЈКИ

16
ДОВЕРУВАЊЕ НА НАШИТЕ ДЕЦА НА БОЖЈАТА ВЕРНА ГРИЖА

19
ДОШЛО ВРЕМЕ ВО ТВОЈОТ ЖИВОТ

20
СИГУРНОСТА НА БОЖЈОТО ПРИСУСТВО

23
ПО СТАПКИТЕ НА АПОСТОЛ ПАВЛЕ И ЛИДИЈА

*Бидејќи Бог знае што ќе биде утре, денес не мора да се плашиме.*



# Која е мојата приказна ?

***„Твоите очи го видоа зародишот мој и во Книгата Твоја сѐ е запишано за мене дури и деновите мои се забележани кога уште не постоеше ниеден.“ Псалм 139:16***

Бог ја пишува твојата приказна. Тоа е нешто што често го кажуваме, нели? Се потсетуваме себеси и го кажуваме тоа за да се охрабриме едни со други.

Но, дали знаеш дека твојата приказна не е приказна што стои изолирано од сѐ друго? Бог ја пишува твојата приказна за да се вклопи во Неговата приказна! Размисли за тоа... Твојата приказна е поглавје во Неговата приказна. Тој те создаде за да бидеш дел од Неговата приказна. Колку прекрасно!



Божјата приказна е напишана од Неговото срце. Твоето поглавје е важно. Тој раскажува важни работи преку твојата приказна... работи што Тој сака да ги знаете ти и другите за Него.

Тој раскажува за денот кога ти го прифати Неговиот дар на спасение... и за Неговата радост кога те посини.
Тој ги покажува уникатните начини на кои ти помага да Го разбереш... и Неговата радост додека растеш.
Тој кажува за Неговата љубов преку секој пресврт и промена во твојот живот... и кажува за Неговата радост додека те води.

***Ох, колку си посебна за Него!***

Тој кажува како те избира да правиш конкретни работи, за Негова слава.
Тој раскажува како те подготвува да ги правиш тие работи, за Негови цели.

Бидејќи тоа е Негова приказна, секој поединечен настан се вклопува и има смисла. Честопати ги чешаме главите прашувајќи се за неправилните парчиња, нели? Гледаме само мал дел од времето во кое живееме. Запомни, Тој ја гледа вечноста. Тој го гледа почетокот и крајот.

Кога мислиме дека дел од нашата приказна можеби е грешка и треба да се поправи, да запомниме дека не е печатна грешка. Тоа не е мисла што дошла отпосле. Не е нешто со што можеме да пополниме празен простор. Секој дел од нашата приказна е важен дури и кога не разбираме како се вклопува.

Секој детал во твојата приказна е совршено вткаен заедно. Ништо не е неповрзано. Ништо не е изместено од своето место. Ништо не е неважно. Но, тоа не е сè. Твојата приказна совршено се поврзува со поглавјата на сите останати - твоето, на твоите пријатели, на твоето семејство итн. Сè за Негова слава.

Кога верувам дека мојата приказна се вклопува во Неговата приказна, еден настан станува голем настан... не се работи за мене туку за Него!

Ако си поверувала во Христос, тогаш ти си дел од Неговата бескрајна и прекрасна приказна. Нема последно поглавје. Никогаш нема да прочитаме „крај“ на Неговата приказна!

***Кони Финк***



# ДОБРОДЕТЕЛНАТА ЖЕНА ОД ИЗРЕКИ 31

Сме се наслушале проповеди и поуки за неа, за добродетелната жена, нели?

Работохоличарка – работи ден и ноќ, никогаш не спие! Им наредува на своите слуги и тие се натпреваруваат да работат за неа! Самоуверено ги троши парите на својот маж за што и да си посака – купува ниви, прекрасни алишта, луксузни покривки, дури увезува и храна. Има хоби и му посветува доста време. Штедра е кон бедните... која жена може да се мери со неа!

Една пријателка беше споделила: „Нема проблем – веднаш станувам добродетелна, штом ги видам слугите како влегуваат низ вратата!“ Ха-ха! Многу смешно!

Но, вистината е дека ние имаме слуги, секоја од нас! Ја завртуваме славината на чешмата и од неа потекува вода – немаме потреба да ја носиме од далечен кладенец, нели? Бојлерот ја топли, за да ни е на располагање кога и да посакаме. Копчето на ламбата ни дава достапно „светло“, а што да кажеме за уредите во кујната – нè викаат без да им зборуваме! Печка, фрижидер, микробранова, перална, миксер, тостер, блендер... работат беспрекорно. Тогаш каде е проблемот?

Во слободата.

Таа жена ЗНАЕ КОЈА Е. Таа не стои во домот како бессилен украс, ниту има потреба да тропа со нозете за да добие внимание. Таа е компетентна жена со реален авторитет. Уверено менаџира со нејзиниот дом. Децата ѝ се спокојни и дисциплинирани. Си ги знае дарбите и го користи целиот нивен потенцијал. Бизнисот ѝ оди добро.



Добива полна поткрепа како партнер во својот брак. Се радува на довербата и добрите зборови од мажот ѝ – насамо и пред другите.

Таа слика не е даденост. Таа е цел. И со Божјиот благослов е наполно достижна! Колку повеќе ја впиваме од Бога вистината за себеси, толку поскоро заживуваме во реалноста на нашиот полн потенцијал.
***„Тој, Кој те познава најдобро, те сака најмногу!“***
Тој знае кои се твоите силни страни. И ти дава мудрост да ги компензираш слабите.

Сакаш ли да бидеш пофалена? Божјата оценка за тебе е најважната. Таа гласи: Добродетелна! Ти си Неговиот добродетел!
А, ТОЈ НЕ ПРАВИ ГРЕШКИ!
Тој ти ја подарува слободата да бидеш ТИ!

***„Кој ќе најде жена добродетелна?
Таа е поскапа и од најскапоцените камења.“
Изреки 31:10***

***Превод: Ребека Пенева***



# Тамара

## - ЖЕНИ НА НАДЕЖ

*Наскоро веќе нема да можам да кријам дека носам дете. Што ќе правам? Доволно е лошо да ме вратат срамно во куќата на татко ми. Жената треба да живее со семејството на нејзиниот сопруг - дури и кога тој повеќе не е жив. Мојот татко - тој нема повеќе да живее со срам поради мене. Кога ќе дознае за мојата состојба, ќе ме предаде на фарисеите. Ќе бидам погубена.*

*Можеби ова е моја вина. Можеби не требаше да дозволам свекор ми да мисли дека сум проститутка. Можеби не требаше да легнам со него, но Јуда ми ги ускрати правата како жена на неговиот син. Законот е мојата единствена заштита како вдовица - треба да се омажам за братот на мојот сопруг. Па, зошто да бидам избркана? Зошто да ме вратат кај татко ми?*

*Како Божји човек, Јуда потфрли да Му верува на Јахве дека Тој ќе му обезбеди наследници. А, бев толку горда што сум дел од неговото племе, што сум дел од семејството на Авраам, Исак и Јаков. Но, погледнете ме сега. Срамот владее со моите денови. Стравот ме држи во својот цврст стисок.*

*Ох, само оваа очајна постапка да не биде мојот крај и крајот на моите малечки. Сигурно мојата приказна не завршува тука. Господи Семоќен, повеќе не се надевам на Јуда. Се надевам на Тебе.*

Случката за Тамара можеби е најзбунувачката во целата Библија (Битие 38). Кога ги читаме нејзините зборови низ објективот на дваесет и првиот век, ништо во неа не изгледа свето, а ниту правилно. Но, кога ќе го разбереме светот на Тамара од аспект на патријархалната, племенска култура, управувана од Мојсеевиот закон, почнуваме да ги гледаме нејзините избори како смели. И храбри.

Кога нејзиниот прв сопруг умира, Законот вели дека Тамара треба да се омажи за неговиот брат за да има дете кое ќе го продолжи наследството на нејзиниот мртов сопруг (Создавање 38:8; Второзаконие 25:5-6). Кога вториот син на Јуда избира да ги обесчести Бог и неговиот мртов брат со тоа што не ѝ дава наследник на Тамара (Создавање 38:9), Бог го убива. Тогаш Јуда го фаќа паника, плашејќи се дека Тамара ќе му донесе смрт на неговиот последен син, па ја испраќа дома кај нејзиниот татко (Создавање 38:11). Во нивната култура тоа не се прави така. Воопшто.

И Јуда го знае тоа. Затоа, кога дознава дека „проститутката“ со која спиел е всушност Тамара, ја нарекува праведна затоа што таа имала храброст да ја исправи ситуацијата кога тој не го сторил тоа (Создавање 38:26). „Во нејзината сопствена култура Јуда беше достоен за укор… Јуда беше негативецот; Тамара беше (иако малку посмело кажано) храбрата хероина.“

Постапките на Тамара може да бидат шокантни за нашите современи чувствителности, но без маж над неа, таа не би имала закрила, заштита, не би била обезбедена. Во нејзино време, жените без маж или синови станувале просјачки или проститутки, и таа не сакала ниту една од тие опции. Така, таа активира план - и ја положи својата надеж во Бога.

Случката за Тамара отсликува настани со кои можеби не се поврзуваме културолошки, но разбираме како стравот може да доведе до одлуки донесени од очај.

Едно поглавје од мојата сопствена приказна е за времето кога бев очајна да спасам една врска. Стравот ме исмејуваше - еден ден ми велеше да бегам, следниот ден - да се прилепам, да притискам, да молам – да направам сè што е потребно за да го задржам тоа што го имам. Но, очајот ме натера да го направам најхраброто нешто што го можев. Се свртев кон Оној на Кој целосно Му верував. Се предадов на Неговиот храбар повик да го пуштам сето тоа и со растреперени раце го вратив свршеничкиот прстен.

Гледајќи наназад, можам да видам дека никогаш не ја изгубив надежта дека Бог ќе ги обнови скршените работи, но не знаев на кој начин ќе го стори тоа. Морав да изберам да одам со вера, да се откажам од иднината на која се надевав и да ја прифатам иднината за која Бог вети дека ќе биде добра - иако остана непозната за мене. Навистина, во тоа време бев во таква состојба што ќе направев сè што Тој ќе побараше од мене. Затоа, што се однесува до ситуацијата на живот и смрт со Тамара, можам само да ги замислам длабочините на нејзиниот очај.

Принудена над границите на нејзините можности, одговорот на Тамара завршува со туркање на Јуда од позиција на самозадоволство и страв, во одговор кој одразува почит и кон неа и кон Бог што тој Го игнорираше со години. И, о, Боже - неговиот одговор води до откупување на ова семејство, за да можат тие да продолжат да бидат носители на моќната улога во иднината (Создавање 49:10).

Кога ја читаме Библијата како една приказна - Божјата приказна - почнуваме да гледаме обрасци како се расплетуваат во пошироки теми и мотиви кои создаваат слоеви на значења. Како ситниот, црвен конец што се провлекува во наративот на Тамара.

Завиткан околу зглобот на нејзиното машко бебе при неговото раѓање, овој црвен конец станува знак, спојник меѓу минатото, сегашноста и иднината.

Тамара - туѓинката, заборавената вдовица - станува предок на Исус, Прворoдениот на целото создание (Колосјаните 1:15), Лавот од племето Јуда (Создавање 49:9-10; Откровение 5:5), Оној што донесе небесно наследство на целиот Божји народ со пролевањето на Својата најскапоцена, црвена крв (Ефесјаните 1:13-14).

Како жена на надеж, Тамара ни моделира начин на живеење со вера во сред нашите очајни ситуации. Иако нејзината црвена нишка е само еден конец што се вткајува во и надвор од Божјата поголема приказна, таа гарантира дека наративот на Тамара ќе биде почитуван и за него ќе се зборува во сите времиња - затоа што таа ја положи својата надеж во Оној Кој одговара и откупува. И ние треба така да постапуваме.





# САМО ЗА ДЕВОЈКИ

Времето на адолесценција е убаво време, но понекогаш тешко. Тоа е време во кое донесуваш одлуки. Време, во кое донесуваш одлуки за кои сам сносиш одговорност. Сфати ја сериозно оваа „слобода на одлучување“ и нека не ти зависи од тоа што „другите“ прават или што е „во мода“ во моментот. Учениците на Господ Исус треба да имаат храброст свесно да пливаат против струјата.

***Специјално искушение***

Мора да е нешто фасцинантно за една девојка да дознае дека има моќ на заведување кон спротивниот пол. Тогаш искушението да си игра со оваа моќ на заведување е големо. Само без обврска; само за себе-афирмирање; само за тестирање. И кога младиот човек ќе падне на тоа и сака да го третира сериозно, ти ќе го собориш, или ќе го „држиш на јадица“. „Но, јас не мислев така“. Дозволи ми да ти кажам нешто: ако не мислеше така тогаш не прави така, како да мислеше. Така ќе ставиш вина на себе.

Ова почнува со очите. Соломон кажа за неговата невеста: „Ти ми го плени срцето со еден поглед на твоите очи“ (Соломонови песни 4:9) Како и да е, на невестата и е дозволено да го прави тоа. Но, дотогаш потребна е самодисциплина. Како што Јов направи завет со неговите очи (Јов 31:1), девојката мора исто да знае за влијанието на нејзините очи, нејзиниот изглед и да бара од Бог да се однесува коректно. Не само со очите. Биди свесна какви сигнали испраќаш. НЕ само ако се облекуваш поубаво и атрактивно, но исто така и провокативно и непристојно, може да бидеш причина на неморални мисли кај мажите. Повеќе од еднаш во Библијата, жените се охрабрени да се облекуваат пристојно (1 Тимотеј 2:9, 1 Петар 3:3-5).



### *Бог ги знае твоите желби*

Олеснување е за жена да разбере дека Бог ги знае нејзините желби за сопруг и дека нема очајно самата да го бара. Сметај на Божјото водство и за ова. Во Создавање 2:18 се вели: „Не е добро човекот да биде сам; ќе му направам помошник соодветен нему“.

Овде станува јасно: Бог ги гледа и знае најдлабоките потреби на човекот, кој Тој го создаде.
Бог презема иницијатива и ја води Ева кон Адам.
Бог знае најдобро кој со кого си одговара.

Ако ги прифатиме добрите Божји мисли за нас, тогаш можеме да бидеме мирни. Тогаш можеме да чекаме на Божјото водство и да Му веруваме. Евентуално, Божја задача е да ги води да бидат заедно оние кои ги предопределил еден за друг. Ти не мора да станеш „активна“ бидејќи се плашиш дека ќе бидеш „оставена на полица“ или дека твоите пријателки отишле пред тебе. Но, една работа ти можеш и треба да ја направиш: барај од Бог да те води во оваа важна работа.

***Користи го твоето време и дарови за Бог!***

Дали бракот е единствената цел во животот? Па, за повеќето девојки ова ќе биде „вклучено“ во Божјата волја и пат за нив. На малкумина може Бог да им стави јасно на знаење дека треба да останат немажени за да можат да Му служат подобро (1 Коринтјани 7:34). Како и да е, некои девојки и млади жени нема (или сè уште нема) да се мажат, не затоа што не сакаат, но бидејќи (сè уште) не дошол погодниот партнер. За верна сестра, изреката „подобро каков било отколку никаков“ е неприфатлива, бидејќи не е библиска.



Ти можеби Му ги кажуваш на Бог твоите надојдени прашања и потреби. Ако знаеш дека целиот твој живот е во Божји раце, тогаш не треба во мигови на паника да се поведеш подалеку преку погрешно однесување. Наместо тоа, можеш да го искористиш твоето време и дарови за Бог и да чекаш на Неговото понатамошно водство во твојот живот.

Евангелистот Филип имал четири немажени ќерки. Што им рекол? Дали да седат дома и да чекаат додека да се мажат? Не, тие „пророкувале“ односно тие Му служеле на Бог со своите дарови (Дела апостолски 21:9).

Овој пат е отворен и за тебе денес. Сестра која живее со и за Бог е секогаш поатрактивна за духовен брат (зарем не сакаш да имаш духовен сопруг?) отколку сестра која сака да го привлече вниманието на сите, прикажувајќи се на претеран начин.

***ГБВ Германија***

# ДОВЕРУВАЊЕ НА НАШИТЕ ДЕЦА НА БОЖЈАТА ВЕРНА ГРИЖА

Секоја мајка има момент (или 10 такви моменти) кога помислува: „Моето дете е во неволја. Упаѓам да ја спасам ситуацијата." Дури и Марија, мајката на Исус, имала таков момент - кога Исус бил во Неговите 30-ти години!

На почетокот на Исусовата служба, Неговото влијание се проширило брзо - и контроверзно. Светото Писмо ни кажува: „И дојдоа в куќи; и пак се собра народ, така што тие не можеа ни леб да јадат. И кога чуја Неговите, отидоа да Го приберат, зашто се говореше дека не бил на Себеси." Марко 3:20-21

Си замислувам дека сцената се развивала отприлика вака: Еден од браќата на Исус ѝ кажува на Марија: „Исус околу себе собира огромни толпи народ, предизвикува контроверзии - и мамо, тој е премногу зафатен за да јаде".





Очите на Марија се стеснуваат. „Не јаде? Веќе претерува. Ајде да го донесеме дома“.

Евангелистот Марко ни кажува дека кога пристигнало семејството на Исус, Тој бил на средина на проповедта. Наместо да престане да проповеда, Исус ги потсетил Своите слушатели - и Неговото семејство - за Неговата намера. Тој рече: „Која е Мојата мајка и кои се браќата Мои? ... Зашто оној, кој ја исполнува волјата Божја, тој Ми е брат, и сестра, и мајка!“ Марко 3:33-35

Се прашувам како се почувствувала Марија кога ги слушнала тие зборови. Години претходно, еден пророк предупредил дека иако синот на Марија ќе биде велик, нож ќе ѝ ја прободе душата (Лука 2:35). Можеби ова беше еден од тие моменти кога душата ѝ беше прободена.

Исус ја потсетил Марија дека Тој има повисока цел и дека Божјата волја Му е на прво место. Можеби Марија очекувала нејзиниот син да бара земна круна, но тоа не било Божјата волја. Исус знаел дека Неговиот пат наместо тоа ќе доведе до земски конфликти, критика и крст.

Да се биде близок со Исус - да се биде дел од семејството на Исус - значело да се прифати Божјата волја, колку и да е тешко. Марија морала да се соочи со своите стравови и да го довери својот син на Божјата грижа.

Оваа година, ја разбирам борбата на Марија повеќе од кога било досега. Моето најстаро дете, моето чудо од бебе - Божјиот дар за нас на Божиќ во 2005 г. по години неплодност - завршува средно училиште.

Како и Марија, јас го гледам моето дете како чекори кон зрелоста и како самостојно ги следи Божјите намери.

Секоја мајка се соочува со вакви промени, моменти кога нашето мото мора да се промени од „спаси го денот“ во „моли се цел ден“.

Како и Марија, ние може да ги гледаме нашите деца како одат по патеки што ние не би ги избрале.

Како и Марија, ние може да гледаме како нашите деца трпат тешкотии или болка.

Како и Марија, можеби копнееме да ги држиме блиску до себе наместо да ги пуштиме.

Но, најдобро од сè, како и Марија, можеме да веруваме дека Бог ги познаваше нашите деца уште пред ние да знаеме за нив. Тој ги засака нашите деца уште пред ние да ги засакаме. Тој има цел и волја за нивните животи. Дури и кога ние не ги држиме за рака нашите деца, нивниот Небесен Татко ги држи. Дури и кога треба да ги пуштиме нашите деца, Бог секогаш е со нив.

***Татко, Твојата волја е добра и Твоето срце е доверливо. Те молам, дај ми мир додека ги доверувам моите сакани на Твојата грижа. Во името на Исус, амин.***

***Елизабет Ленг Томпсон***



# ДОШЛО ВРЕМЕ ВО ТВОЈОТ ЖИВОТ

кога треба да научиш да предадеш сѐ во Божјата рака: саканите, имотот, контролата во твојот живот. За да предадеш нешто кое е скапоцено за тебе, треба да се опуштиш во Моето присуство. Оддели си време да се потопиш во светлината на Мојата љубов. Додека се опушташ сѐ повеќе и повеќе во Моето присуство, твојата рака постепено ќе се отвара, за да ми ги предаде и повери твоите скапоцени луѓе и нешта.

Прегрната од Моето присуство, ќе се чувствуваш сигурна, дури и сред најголемите стресови. Јас сум истиот вчера, денес и довека. Додека предаваш сѐ повеќе и повеќе нешта на Мене, помни, дека ниту за миг не ја пуштам твојата рака. Во тоа е твојата сигурност, која никој при никакви ситуации не може да ти ја одземе.

***„Блажени се луѓето што го познаваат трубниот глас. Тие одат во светлината на Твоето лице, Господи“. Псалми 89:15***

Превод: Ребека Пенева



# Сигурноста на Божјото присуство

***„Зашто никој од нас не живее за себе и никој не умира за себе; туку, било да живееме или да умираме, за Господ живееме и за Господ умираме, – ние Му припаѓаме на Господ. Според тоа – живееме ли, умираме ли – Господови сме.“ Римјаните 14:7-8***



Отидов да ја посетам во болницата, каде што телото ѝ беше распаднато од болеста. Насмевката ѝ беше сè уште радосна, но болеста беше очигледна во нејзините очи. Шерил ќе остави две прекрасни деца, младинска група која беше исполнета со љубов кон неа, големо семејство и пријатели, кои бараа одговор. Зошто Бог дозволуваше една млада жена, толку посветена на служењето, која многу го сакаше животот, да умре?

При мојата посета кај неа научив една важна лекција. Таа нè учеше мене и другите како да умреме со достоинство, ни покажуваше дека Бог никогаш нема да нè остави, дури и во најтешките моменти од животот.

Шерил живееше краток, но верен живот во служење на Бога. Дури и во нејзината смрт таа ни покажа на сите нас дека Бог е верен и сочувствителен.

Бог е верен - во живот и во смрт. Можеме да се довериме на Него во моменти во кои најмногу се плашиме.

Боже, дај ни ја сигурноста од Твоето присуство. Потсетувај нѐ дека нема да нѐ оставиш кога најмногу имаме потреба од Тебе.

***Бог стои до нас пред лицето и на животот и на смртта.***





*Не дозволувај вината од минатото да те спречи да станеш жената која Бог ја дизајнирал да бидеш*

**ВО СЕГАШНОСТА.**

# ПО СТАПКИТЕ НА АПОСТОЛ ПАВЛЕ И ЛИДИЈА

По милоста Божја на 22.5.2024 година во организација на Кристина Цеков беше реализирана еднодневна екскурзија во Грција. Учесници беа жените од Евангелско-методистичката црква од Војводина, Албанија и Македонија. Почесен гостин беше Цин Науснер, која воедно беше и водител на жените од Албанија. Темата на екскурзијата беше: „По стапките на апостол Павле и Лидија“. Секоја од нас дома се врати духовно побогата и исполнета со посебни емоции поради можноста да ги посетиме местата каде апостол Павле започнал да го шири христијанството во Македонија.

Филипи е градот кој прво го посетивме. Тоа бил голем колонистички град. Неговото старо име било Кренидес - „Чешми“. Бил основан од тасоските колонисти. Подоцна кралот Филип II Македонски го освоил градот и го преименувал во Филипи. После османлиското освојување градот бил напуштен. Во 2016 година бил прогласен за светско културно наследство, заштитено од УНЕСКО. Филипи бил главен град во тој дел на Македонија и римска колонија.



Денес остатоци од градот се рушевините, но постојат траги од антички театар изграден од Филип II во IV век пред Христа каде се одржувале игри и театарски претстави, форумот поставен во две тераси од двете страни на главниот пат, мноштво релјефни украси, остатоци од ѕидови, темели од куќа и храм, остатоци од трикорабната ранохристијанска базилика, како и поден мозаик со името на апостол Павле. Го посетивме и археолошкиот музеј кој изобилува со бројни археолошки пронајдоци. Градот имал привилегирана позиција поради тоа што низ него поминувала трасата на античката Виа Игнација.
Посебно беше означена просторијата каде апостол Павле бил затворен. Тој бил затворен со образложение дека заедно со Сила го бунтуваат градот и дека проповедаат обичаи кои на Римјаните не им доликувало да ги примат и да ги извршуваат. Повикан во сон од еден Македонец, апостол Павле во Филипи дошол да им помогне на Македонците и тука за првпат започнало да се шири христијанството во Европа.

Следно место кое го посетивме беше местото викано Лидија, кое е на 1 км оддалечено од Филипи. Местото го носи името на првата христијанка во Европа - Лидија. Лидија била богобојазлива жена од градот Тиатир, Мала Азија. Таа продавала црвени ткаенини. Господ ѝ го отворил срцето и таа внимавала на она што го зборувал апостол Павле. Лидија и нејзините домашни биле крстени, а денес таму има црква посветена на неа. Во црквата посветена на Лидија има мозаик кој има потекло од раниот христијански период. Бистра река тече низ Лидија и денес постои спомен крстилница на местото каде што се верува дека апостол Павле ја крстил Лидија. Лидија е првата христијанка во Европа. Апостол Павле активно ги вклучил и жените во мисионерството и во евангелизацијата на ранохристијанската црква. Лидија била гостопримлива па, им понудила на светите апостоли (Павле, Тимотеј и Сила) да живеат во нејзиниот дом.

Кавала беше местото со коешто го завршивме нашето еднодневно патување. Старото име на Кавала е Неаполис. Тоа е местото кое апостол Павле прво го посетил при неговото доаѓање во Македонија. Павле не останал долго таму, туку веднаш се упатил кон Филипи. Денес Кавала е важно пристаниште од каде бродовите заминуваат за Тасос и Самотракија.

Единаесет години по заминувањето од Филипи, пред крајот на првото заточеништво во Рим (63-64 година) апостол Павле го напишал Посланието до Филипјаните со многу љубов и лични спомени: „Бог ми е сведок колку многу копнеам по сите вас со милосрдноста на Исус Христос. ...
И така, браќа мои возљубени и многу пожелни, радост моја и венец, стојте цврсто во Господ, возљубени!“
(Филипјаните 1:8; 4:1)

***Кристина Ментинова***









Треба да зрачите
со внатрешна убавина,
со кроток и тивок дух,
со нераспадлив накит, со она
што е скапоцено пред Бог.

- Илустрација на Ребека Пенева

# Белешки



Списанието е достапно онлајн на www.emc.mk
Годишна претплата: 200 ден.

Издава: ЕМЦ во Македонија
Уредник: Ревека Василева
Дебарца 9, 1000 Скопје
+389 70 618 559 / literatura@emc.mk